Бр. 09-87/19

Врз основа на член 116 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата во состав: М-р. Борче Размоски–претседател, М-р. Малинка Силјановска Николиќ, Александар Тргачевски, Никола Трајчевски и Valon Elezi-членови постапувајќи по предлогот за повторување на управна постапка со посебно барање за одлагање на извршувањето ПП.бр.09-87/12 од 04.09.2025 година, поднесен од страна на Друштво за производство, трговија и услуги Фарма Трејд ДООЕЛ увоз-извоз Скопје ул. Антон Попов 1/1-3 Скопје, преку пол.адвокат Борис Ношпал и Тони Менкиновски, на седница одржана на 03.12.2025 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Предлогот за повторување на управна постапка со посебно барање за одлагање на извршувањето на Друштво за производство, трговија и услуги Фарма Трејд ДООЕЛ увоз-извоз Скопје ул. Антон Попов 1/1-3 Скопје завршена со Пресуда на Вишиот управен суд УПРЖ.бр.63/24 од 16.05.2025 година, СЕ ОТФРЛА.

**О б р а з л о ж е н и е**

Вишиот управен суд со пресуда УПРЖ.бр.63/24 од 16.05.2025 година жалбата на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги Фарма Трејд ДООЕЛ увоз-извоз Скопје и жалбата на тужителот Д-р. Пановски АД за производство на лекови, медицинска опрема, промет и услуги Скопје изјавени против пресуддата на Управниот суд УПРК.бр.10/2022 и УПРК.бр.12/2022 од 06.10.2023 година ги одби како неосновани и провостепената пресуда ја потврди, а со тоа решението на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата станало правосилно.
До Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата беше доставен предлог за повторување на управна предлогот за повторување на управна постапка со посебно барање за одлагање на извршувањето ПП.бр.09-87/12 од 04.09.2025 година (за решение ПП.бр.09-30/2 од 14.07.2022 година, поднесен од страна на Друштво за производство, трговија и услуги Фарма Трејд ДООЕЛ увоз-извоз Скопје преку пол.адвокат Борис Ношпал и Тони Менкиновски правосилно завршена со Пресуда на Вишиот управен суд УПРЖ.бр.63/24 од 16.05.2025 година.
КОП при КЗК постапувајќи по предлогот предлогот за повторување на управна постапка со посебно барање за одлагање на извршувањето ПП.бр.09-87/12 од 04.09.2025 година, поднесен од страна на Друштво за производство, трговија и услуги Фарма Трејд ДООЕЛ

увоз-извоз Скопје преку пол.адвокат Борис Ношпал и Тони Менкиновски, во смисла на член член 116 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15) го утврди следното:

Предлогот за повторување на управна постапка со посебно барање за одлагање на извршувањето на Друштво за производство, трговија и услуги Фарма Трејд ДООЕЛ увоз-извоз Скопје завршена со Пресуда на Вишиот управен суд УПРЖ.бр.63/24 од 16.05.2025 година треба да се отфрли.

Согласно 114 став 1 од Законот за општата управна постапка јавниот орган што го издал актот ќе ја повтори постапката ако:- се дознае за нови факти, или се најде или се стекне можност да се употребат нови докази кои, сами или во врска со веќе изведените и употребените докази, би можеле да доведат до поинаков управен акт, ако тие факти, односно докази биле изнесени или употребени во поранешната постапка;- управниот акт е донесен врз основа на лажна исправа или лажен исказ на сведок или вештак, или ако дошол како последица од некакво дело казниво според Кривичниот законик;- управниот акт се заснова врз пресуда донесена во кривична постапка, а таа пресуда е правосилно укината;- управниот акт е поволен за странката и е донесен врз основа на невистинити наводи на странката, со кои органот што ја водел постапката бил доведен во заблуда;- управниот акт на органот што ја водел постапката се заснова врз некое претходно прашање, а надлежниот орган тоа прашање подоцна го решил поинаку во суштествените точки;- во донесувањето на управниот акт учествувало службеното лице кое според законот морало да биде изземено;- управниот акт го донело службеното лице на надлежниот орган што не било овластено за негово донесување;- колегијалниот орган што го донел управниот акт не решавал во составот предвиден со важечките прописи или ако за управниот акт не гласало пропишаното мнозинство;- на лицето кое требало да учествува во својство на странка не му била дадена можност да учествува во постапката и- странката не ја застапувал застапникот по закон, а според законот требало да ја застапува. (2) Постапката се повторува само ако странката, без своја вина, не била во состојба во поранешната управна постапка да ги изнесе причините поради кои бара повторување, особено по пат на правен лек, а ако некоја од овие причини би можела да доведе до издавање на поповолен управен акт, доколку тие биле изнесени во поранешната управна постапка.

Согласно член 116 став 1 од истиот Закон (1) Ако јавниот орган утврди дека барањето за повторување на постапката е основано, тој соодветно ќе го измени или поништи побиваниот управен акт со нов управен акт. Во спротивно, јавниот орган ќе го отфрли барањето со управен акт.

Во конкретниот случај КОП констатираше дека предлогот за повторување на постапка не е дозволен од причини што законодавецот во член 114 став 1 од ЗОУП изречно предвидел дека предлог за повторување на постапката може да се поднесе само доколку рокот за жалба против управниот акт истекол. Во овој случај постапката е правосилно завршена со Пресуда

на Вишиот управен суд УПРЖ.бр.63/24 од 16.05.2025 година и во тој случај согласно ЗОУП не е дозволен предлог за повторување на постапка против правосилно завршена постапка. Имајќи го во предвид претходното се одлучи како во диспозитивот на ова решение

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (30) дена од денот на приемот на ова решение.

**КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Претседател**
**М-р. Борче Размоски**